РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-420/6
28-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-420/1 од 26.01.2024 година, оформен по пријава поднесена против ------ за ------ на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-420/1 од 26.01.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од одлуката да се достави до подносителот.

## Образложение

Од страна на познат подносител ------ ------ од ------, на ден 26.01.2024 година, е поднесена пријава против ------ за ------ на Република Северна Македонија (во

натамошниот текст: ------), застапувана од директорот ------ ------, со сомнежи за незаконско спроведување на постапка по Јавен оглас бр. ------/2023 за избор на 1 извршител – Советник за човечки ресурси во ------, по која е оформен е предмет број 12-420/1 од 26.01.2024 година.

Според наводите во пријавата подносителот на пријавата ја обжалил Одлуката за избор на 1 извршител кандидат за административен службеник број 04------/1 од --.--.2023 година, до ------, но не добил никаков одговор од страна на ------.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави барање за доставување на информации и документација до ------, заведено под наш бр. 12-420/2 од 07.06.2024 година.

Во законски утврдениот рок, од страна на ------ со допис – Одговор на барање за доставување на податоци и информации бр. 08------/2 од -----.06.2024 година, се добиени бараните информации со прилог документација и од увидот во доставената документација е утврдена следната фактичка состојба:

Подносителот на пријавата поднел жалба до ------ против Одлуката за избор на 1 извршител кандидат за административен службеник бр. 04-------/1 од --.--.2023 година донесена од В.Д. Директорот на ------, поднесена преку пошта на ден --.--.2023 година. Комисијата на ------ за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, постапила по жалбата и на --.--.2024 година донела Одлука бр. -----/4 в.в -----/1, со која жалбата ја одбила како неоснована. Наведената одлука по жалбата, ------ со допис за Доставување Одлука бр. -----/5 в.в -----/1 од --.--.2024 година ја доставила до првостепениот орган со насока еден примерок од одлуката да се достави до незадоволниот кандидат ------ ------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот на пријавата на ден 10.07.2024 година до ДКСК достави дополнителна документација од која е видно дека ја има примено Одлуката по жалбата од страна на ------ донесена на --.--.2024 година, во која е содржана и правна поука за правото на тужба против одлуката до надлежен суд. Исто така, пријавителот во прилог достави и Известување бр.ИП1.----- од --.--.2024 година кое му било доставено од Државниот управен инспекторат, во врска со иницијатива поднесена од негова страна на --.--.2024 година со која го известува Државниот управен инспекторат за непостапување по жалба поднесена до ------ против Одлука бр.------/1 од --.--.2023 година на В.Д. Директорот на ------.

Видно од Известувањето е дека управен инспектор од Државниот управен инспекторат, согласно своите надлежности утврдени во Законот за управната инспекција, постапил по поднесената Иницијатива и во врска со проверка на наводите од истата извршил вонреден инспекциски надзор во ------, за што бил изготвен Записник ИП.бр.------ од --.--.2024 година. Државниот управен инспекторат по увидот во целокупната документација по јавниот оглас бр.--/2023, не утврдил пропусти и повреди на одредбите на постапката за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас во ------.

Во однос на наводите за непостапување по жалбата, видно од достапната документација со која располага, ДКСК утврди дека ------ ја спровела постапката по предметниот јавен оглас, како и постапката по изјавената жалба од подносителот на пријавата, согласно соодветните одредби од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022).

Од погоре наведените причини, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување согласно со

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата